**UDK 341.176(4:497.7)**

**СТАФАИ, Ардијана**[1]

# ПРОЦЕСОТ НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СОВЕТОТ НА ЕВРОПА И НЕПОСРЕДНИТЕ ПРАВНО ПОЛИТИЧКИ ЕФЕКТИ ОД ЗАЧЛЕНУВАЊЕТО

**Апстракт**

По распаѓањето на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ), нашата држава под своето тогашно уставно име Република Македонија веднаш започна да ги презема сите неопходни чекори за заокружување на својата државност, започнувајќи со донесување на одлуката за распишување референдум на 08- ми септември 1991 година, на кој што околу 95,32% од граѓаните се произнесоа за самостојна суверена држава, кое нешто беше проследено со донесување на *Декларацијата за сувереноста* на *Република Македонија* од 17-ти септември 1991 година, со што домашната и светска јавност беше запознаена дека Република Македонија ја презема одговорноста за својата судбина во свои раце, и аналогно беше конституирана власта во државата. Оваа рана фаза беше заокружена на 17-ти ноември 1991 година кога беше донесен првиот Устав на Република Македонија како самостојна држава, консеквентно на што започна процесот за нејзиното меѓународно признавање, што беше нејзин клучен надворешно-политички предизвик, вклучувајќи го тука и нејзиното зачленување во сите клучни меѓународни меѓувладини организации, како што се ООН, Советот на Европа, ЕУ, ОБСЕ, НАТО и слично.

Без која било амбициозност за сеопфатно прикажување на сите обиди на Република Северна Македонија (РСМ) за свое полноправно зачленување во светот на меѓународните меѓувладини организации, кое нешто бара многу поинаков пристап и поголем простор, за остварување на оваа своја цел нашата држава беше приморана да се движи по многу тежок пат поради континуираното изразено спротивставување на соседна Република Грција во однос на меѓународното признавање на нашата држава под нејзиното тогашно уставно име Република Македонија. Ова беше потврдено уште во рамките на постапката по првиот обид на нашата држава за свое меѓународно признавање што таа го направи во рамките на тогашната т.н. *Конференција на ЕУ за распаѓање на поранешна СФРЈ (под претседателство на Лорд Карингтон)*, во чии рамки беше основана и функционираше посебната т.н. Бадинтерова арбитажна комисија, чиј главен мандат беше да го испита исполнувањето на условите и барањата утврдени со „*Насоките на ЕУ за признавање на новите држави од Источна Европа и од Советскиот Сојуз*” и „*Декларацијата за Југославија усвоена од Советот на Европската заедница на 16 декември 1991*” од страна на секоја нова држава, вклучувајќи ја тука и нашата држава, која на 20 декември 1991 година формално побара нејзино признавање од страна на тогашните држави членки на ЕУ.

***Клучни зборови:*** *Советот на Европа, меѓународно признавање, Република Северна Македонија.*

[1] *Докторанд на Правен факултет “Јустинијан Први”, Универзитет “Св.Кирил и Методиј”, Скопје, e-mail: ardianastafai@yahoo.com*

**STAFAI Ardiana**[2]

# THE PROCESS OF MEMBERSHIP OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE COUNCIL OF EUROPE AND THE IMMEDIATE LEGAL AND POLITICAL EFFECTS OF THE MEMBERSHIP

**Abstract**

After the collapse of the former Socialist Federal Republic of Yugoslavia (SFRY), our country, under its back then constitutional name, the Republic of Macedonia, immediately began to take all the necessary steps to complete its statehood, starting with the decision to call a referendum on September 8, 1991, in which approximately 95.32% of the citizens voted for an independent sovereign state, which was followed by the adoption of the Declaration of Sovereignty of the Republic of Macedonia on September 17, 1991, which informed the domestic and world public that the Republic of Macedonia was taking responsibility for its destiny into its own hands, and the government in the country was constituted accordingly. This early phase was completed on November 17, 1991, when the first Constitution of the Republic of Macedonia as an independent state was adopted, consequently beginning the process of its international recognition, which was its key challenge of the foreign policy, including its membership in all key international intergovernmental organizations, such as the UN, the Council of Europe, the EU, the OSCE, NATO, and the like.

Without any ambition to comprehensively present all the attempts of the Republic of North Macedonia (RNM) for its full membership in the world of international intergovernmental organizations, which requires a very different approach and larger space, to achieve this goal, our country was forced to move along a very difficult path due to the continuous expressed opposition of the neighboring Republic of Greece to the international recognition of our country under its back then constitutional name of the Republic of Macedonia. This was confirmed already within the framework of the procedure after the first attempt of our country for its international recognition that it made within the framework of the then so-called EU *Conference on the Disintegration of the Former SFRY (*under the presidency of Lord Carrington), within which the special so-called Badinter Arbitration Commission, whose main mandate was to examine the fulfillment of the conditions and requirements set out in the "*EU Guidelines for the Recognition of the New States of Eastern Europe and the Soviet Union"* and the *"Declaration on Yugoslavia adopted by the Council of the European Community on 16 December 1991*" by each new state, including our country, which on 20 December 1991 formally requested its recognition by the EU member states back then.

***Keywords:*** *Council of Europe, international recognition, Republic of North Macedonia.*

## Зачленувањето на Република Северна Македонија во Советот на Европа

Како и секоја држава која посакува членство во Советот на Европа, така и нашата држава најпрво официјално поднесе своја молба за членство во Организацијата уште на ден 25-ти јуни 1993 година согласно постапката за прием на нови членки, како и надлежностите на двата главни органи на Советот на Европа, кој чин во никој случај не значеше ниту пак индицираше кое било автоматско донесување на одлука за нејзин прием во Организацијата. Така, дури на 14-ти јуни 1994 година, Комитетот на министри побара мислење од Парламентарното собрание во врска со молбата за членство на РМ. Но, ваквиот развој на постапката на процесирање на македонската молба за членство, се разбира, во никој случај не значеше дека нашата држава претходно

[2] *PhD Candidate, Faculty of Law “Justinianus Primus”, Ss. „Cyril and Methodius” University, Skopje, e-mail: ardianastafai@yahoo.com*

немаше никаков однос со оваа Организација. Така, во овој поглед, неопходно е да се нагласи фактот дека Парламентарното собрание на Македонското Собрание му додели статус на „*специјален гостин*” уште на 13-ти мај 1993 година, консеквентно на што тогашната делегација на Македонско собрание започна да учествува соодветно во работата на сите комитети на Парламентарното собрание, а во периодот меѓу 26-ти и 30-ти мај 1994 година Парламентарното собрание ја направи и првата официјална посета на земјата со цел да ја утврди фактичката состојба во најважните подрачја на владеење на правото. Истовремено, истата година, нашата држава под своето тогашно уставно име Република Македонија побара и доби мислења од стручните тела на Советот на Европа во поглед на содржината на тогашни бројни домашни релевантни предлог законски текстови вклучувајќи го тука, на пример, тогашниот прв Закон за избори. Истата година во државата беа одржани парламентарни и претседателски избори кои беа следени исто така и од страна на делегација на Парламентарното собрание на Советот на Европа. По ова следеше посета-та на двајца еминентни правници, кои во име на Бирото на Парламентарното Собрание во почетокот на 1995 година ја утврдија тогашната фактичка ситуација во подрачјата на легислативната реформа, човековите права и владеење на правото во нашата држава, и за истото поднесоа Извештај до самото Парламентарно собрание на Советот. Огромната важност на овој извештај се состои во фактот што токму тој беше основа за донесување на *Мислењето бр.191* (1995) на Парламентарното собрание од 27-ми септември 1995 година, што последователно му беше доставено на Комитетот на Министри, врз чија основа тој формално ја покани државата под нејзината привремена референца ПЈРМ да му се приклучи на Советот на Европа како негова полноправна членка. Се разбира, самата содржина на ова мислење јасно ги индицираше непосредните обврски на државата, индицирајќи ги истовремено и самите напоредни бенефиции за државата од нејзиното членство во раната фаза на нејзината независност. Имено, давајќи го своето зелено светло за прием на државата во полноправно членство во Организацијата, во своето претходно наведено мислење Парламентарното собрание му препорача на Комитетот на министри најпрво да ја земе предвид серијата на своите оценки, согласно кои:

- *И покрај постојаните проблеми во нејзините односи со соседните држави (пред сè, на север и на југ) и покрај големите притисоци врз нејзината економија (се мисли на тогашните санкции на ООН спрема тогашна СР Југославија и трговското ембарго на Грција) Македонија сепак е зона на стабилност во овој проблематичен регион на Европа*;
- *приемот на нашата држава во Совет на Европа треба да помогне во надминување на некои од тие тешкотии, што исто така треба да го подобри и изгледот за континуирана стабилност;*
- *нашата држава, видено во светло на членот 4 на Статутот на Советот на Европа, е способна и има волја да ги исполни условите за членство во Советот стипулирани во членот 3 на Статутот, согласно кој, секоја членка на Советот на Европа мора да ги прифати принципите на владеење на правото и уживањето на човековите права и основни слободи од страна на сите лица под нејзина надлежност, како и искрено и ефикасно да соработува во остварувањето на неговата цел*.

Во светло на своите претходно наведени факти и оценки, Парламентарното собрание ги предложи следниве обврски за Република Македонија:

- *Во рок од една година по нејзиниот прием, таа да донесе и имплементира закони за обезбедување на организацијата и функционирање на судовите и независност на судството, заедно со нов кривичен закон и нов кодекс за кривична постапка, и целосно да ги инкорпорира одредбите на Европската конвенција за човекови права;*
- *Законите кои кореспондираат на граѓански кодекс и граѓанска постапка да бидат ревидирани во согласност со Уставот од 17-ти ноември 1991 година, со цел да се дозволи развој на отворено општество и*

*функционирање на пазарната економија, а дополнителната легислатива во ова подрачје да се движи во насока на согласност со стандардите на Советот на Европа;*

- *вклучување на правото на правично судење во текстот на членот 13 на Уставот на државата кога тој ќе се менува;*
- *во блиска иднина да усвои закони за средни и основни училишта во согласност со стандардите на Советот на Европа;*
- *состојбата и прогресот на легислативната реформа да ги допуштат потпишувањето и ратификацијата (во рамките на индицираната временска табла) на подолунаведените Европски конвенции, вклучувајќи ги тука посебно Европската повелба за локална самоуправа и Европската повелба за регионални или малцински јазици, и*
- *политиката спрема етничките заедници да биде понатаму развиена и имплементирана врз основа на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и согласно на принципите од Препораката 1201 (1993) на Парламентарното собрание за дополнителен протокол кон ЕКЧП во врска со ова прашање*“.

Своето претходно наведено мислење, Парламентарното собрание го заокружи со пренесување на цврстата намера на нашата држава за:

- потпишување на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) во моментот на нејзиното пристапување во Организацијата;
- ратификување на ЕКЧП и нејзините протоколи бр. 1,2,4,7 и 11 во рок од една година, како и да го признае правото на индивидуална жалба пред Европската комисија (по влегувањето во сила на Протоколот бр.11 кон ЕКЧП) и задолжителната јурисдикција на Европскиот суд за човекови права (членовите 25 и 46 на Конвенцијата);
- во рок од една година да го потпише и ратификува Протоколот бр.6 кон ЕКЧП за укинување на смртната казна, во согласност со член 10 од тогашниот свој Устав;
- да ја потпише и ратификува во рок од една година *Европската конвенција за превенција на тортура и нечовечки и понижувачки третман или казнување*;
- да ја потпише и ратификува (во рок од една година по своето зачленување во Организацијата) *Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства*, како и *Европската Повелба за регионални и малцински јазици*, и да спроведува политика спрема малцинствата врз основа на принципите содржани во *Препораката 1201 (1993*) на Парламентарното собрание и нејзе да ја инкорпорира во својот правен и административен систем и пракса;
- да ја признае виталната важност на слободата на изразување за правилното функционирање на демократијата, да ја заштити независноста на телевизијата и во печатените медиуми, дозволувајќи целосна уредничка слобода;
- да се обврзе со Женевската конвенција за статусот на бегалци од 1951 година и нејзиниот Њујоршки протокол од 1967 година, како и да обезбеди дека барателите на азил и бегалците нема да бидат депортирани во држави каде што тие би биле изложени на ризик од повреда на нивните човекови права и во која било трета држава без да обезбеди дека на нив би била дадена ефикасна и трајна заштита од нивно враќање во држава каде тие би може да бидат ставени во таков ризик;
- да обезбеди дека улогата и функциите на јавното обвинителство со во согласност со владеењето на правото и стандардите на Советот на Европа;
- да ја обезбеди независноста на судството особено преку заштита на судиите од неоправдани или арбитрарни отпуштања, како и преку одржување

на оперативни буџети на судовите под нивна директна контрола и тие да бидат одобрени од страна на парламентот;

- да обезбеди итно регулирање на прислушкувањето на телефони согласно на стандардите на Советот на Европа;
- да ја потпише и ратификува во рок од една година *Европската повелба за локална самоуправа*, како и да и ја проучи за потребите на ратификација, *Европската социјална повелба*, а во меѓувреме да ја спроведува нејзината политика согласно на нивните принципи;
- да ги проучи, за потребите на ратификација, а во меѓувреме да ги примени основните принципи на другите конвенции на Советот на Европа, односно оние за *екстрадиција, трансфер на осудени лица, против перење пари, потрага, замрзнување и одземање на приходи со криминално потекло*;
- да посакува решение на меѓународните спорови преку мирни средства;
- во рок од една година по своето пристапување да го потпише и ратификува Општиот договор за привилегии и имунитети на Советот на Европа и неговите дополнителни протоколи, и
- целосно да соработува со процесот на мониторинг за имплементација на Одлуката бр. 508 (1995) на Парламентарното собрание во поглед на обврските и заложбите етаблирани со Декларацијата на Комитетот на министри од 10 ноември 1994 година.

Врз основа на горенаведеното, Собранието му препорача на Комитетот на министри да ја покани Република Македонија да стане членка на Советот на Европа да и додели три места во Парламентарното собрание, која препорака Комитетот на министри ја усвои на ден 09-ти ноември 1995 година.

Аналогно на претходно наведеното, последователните обврски на Република Македонија не завршија само со чинот на потпишување и ратификација на горенаведените договори на Организацијата, туку таа нив требаше соодветно да ги инкорпорира во целиот свој правен систем и да започне нив ефикасно да ги имплементирана во пракса. Така, најпрво беше потпишана *Европската конвенција за човекови права и основни слободи*, со кој чин држава се обврза да ги обезбеди сите неопходни правни услови за ефикасно остварување на конкретните права загарантирани со тој инструмент. Имено, со чинот на последователната ратификација на Европската конвенција за човековите права, како и секоја друга договорна страна на оваа конвенција, така и нашата држава конкретно се обврза *„да ги признае правата и слободите кои се дадени во Конвенцијата на сите лица под нејзина јурисдикција*”, *„да обезбеди заштита при секоја повреда на правата и слободите*”, *„да изгради систем од заштитни механизми (институции и процедури) што ќе обезбеди соодветна, ефикасна и ефективна заштита за секој поединец кој мисли дека му е повредено некое право од Конвенцијата, и, секогаш кога е можно, да биде обесштетен и / или да бидат создадени услови за остварување на повреденото право“*. Ова беше заокружено со посебно важната обврска државата да ги почитува и спроведува пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права и да ги отстрани причините за секоја повреда на Конвенцијата кои би биле констатирани со одлуките и/или пресудите на овој суд, како и последиците од направената штета за лицата чии жалби би биле усвоени од Европскиот суд. Посматрано од оваа перспектива, нашата држава се обврза да обезбеди услови за остварување на *правото на живот*, *слободата од тортура*, *забраната на ропство и присилна работа*, *правото на слобода и сигурност*, правото на *фер судење*, *принципот „нема казна без закон*”, *правото на почитување на приватниот семејниот живот, почитувањето на слободата на мисла, совест и религија*, *слободата на изразување*, *слободата на здружување и собирање*, *правото на брак*, *правото на ефикасен правен лек*, *забраната на дискриминација, како и бројните други права стипулирани со протоколите на оваа Конвенција.* Ова не значеше ништо друго туку само почеток на еден континуиран процес на измени и донесување на нови соодветни закони во сите подрачја кои се однесуваат

тие права вклучувајќи ги тука посебно подрачјето на кривичното и граѓанско право, борбата против организираниот криминал, корупцијата, независноста на судовите, улогата на полицијата, јавното обвинителство, затворските и сите други институции во овие сектори. Паралелно, она што беше посебно важно, овие реформи беа проследени и со развивање на граѓанскиот сектор во ова подрачје, што беше рефлектирано преку растечкиот број на невладини организации чија цел беше промоција и заштита на конкретни човекови права. Токму во овој контекст од посебно значење беше историскиот факт дека, со ова на македонските државјани по прв пат им се овозможи можноста, односно нивното индивидуално право да иницираат постапка, односно да поднесат жалба пред Европскиот суд за човекови права во случај на повреда на било кое нивно право стипулирано во Конвенцијата од страна на државата.

Видено како целина, сето претходно, со други зборови, не индицираше ништо друго туку само почеток на еден долг, постојан и сложен процес на донесување на нови и измена на постоечките закони во сите подрачја, кои тематски ги опфаќаа правата и основните слободи стипулирани со Конвенцијата. Ова посебно се однесуваше на Уставот на државата, како и системските материјални и процедурални закони пред сѐ од областа на граѓанското и кривичното право, правовосудството, медиумите и слично. Ова фактички беше и главната причина што оваа Конвенција, иако беше потпишана во моментот на нејзиниот прием во Организацијата (во месец ноември 1994 година), таа беше ратификувана дури на ден 10-ти април 1997 година, со цел да се направат најнеопходните иницијални легислативни измени во државата. Истовремено, во овој контекст, неопходно е исто така да се нагласи и фактот што (во моментот на нејзиното зачленување) од државата неслучајно беше побарано да ја потпише и *Европската Конвенција за спречување на тортура и нечовечки и понижувачки третман или казнување* бидејќи нејзината содржина е комлементарна на Конвенцијата за човековите права, односно таа фактички е нејзин составен дел. Оваа иницијална фаза истовремено го вклучи и потпишувањето на *Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства*, со оглед на фактот што, заштитата на малцинските права е составен и неразделен дел на политиката и праксата на заштита на основните човекови права. Оценето како целина, со ратификацијата на овие претходно наведени горенаведени правни инструменти на Советот на Европа нашата држава по прв пат формално ја покажа својата спремност, желба и способност да ги исполни главните статутарни услови предвидени за секоја нова држава-членка на оваа Организација. Ова беше дополнително потврдено со последователниот натамошен процес на потпишување и ратификација на другите инструменти на Советот на Европа. Се разбира, она што мора посебно да се нагласи е фактот дека, исполнувањето на горенаведените услови од страна на Република Северна Македонија не беше фокусирано само врз „меѓувладината работа” туку исто така и на „парламентарната компонента“ на Советот на Европа, што најпрво и најважно беше рефлектирано преку учеството на македонска парламентарна делегација во сите сесии на Парламентарното собрание на Организацијата, започнување на процесот на зајакнување на домашното изборното законодавство и институции во тој контекст и започнување на процесот на мониторинг на последователно одржаните парламентарни и претседателски избори во државата од страна на Парламентарното собрание. Ова беше заокружено со вклучување на димензијата на „локалната демократија“ на Организацијата, во кој контекст нашата држава ја потпиша Европската повелба за локална самоуправа во 1996 година, ратификувајќи ја истата во месец јуни 1997 година, кој чин фактички претставуваше основа за почеток и развој на процесот на децентрализација и развојот на локалната самоуправа во државата, кој процес најпрво беше најексплицитно рефлектиран преку почетокот на учеството на претставници на локалната власт од државата во Конгресот за регионални и локални власти на Советот на Европа.

Во контекст на претходно наведеното од посебна важност беше фактот што, во 1996 година за нашата држава како тогаш новопримена држава-членка беше отворена мониторинг процедура од страна на Мониторинг комисијата при Парламентарното собрание, во чии рамки започна да се разгледуваа почитувањето на претходно

наведените обврски и заложби што Република Северна Македонија ги презеде при својот прием во Советот на Европа. Во овој контекст беше разгледувана состојбата на планот на донесувањето на поважните системски закони во државата, вклучувајќи ги тука посебно Кривичниот закон, Граѓанскиот закон, Законот за судови, Законот за јавно обвинителство, Законот за локална самоуправа, Законот за високо образование, Законот за државјанство, како и оние за медиумите и против корупција. Ова посебно го вклучи прашањето околу интеграцијата на малцинствата во нашата држава согласно Рамковната конвенција за заштита на малцинствата, како и (најважно) заштитата и унапредувањето на човековите права во согласност со одредбите на Европската конвенција за заштита на човековите права и законодавството дизајнирано за обезбедување на независно и ефикасно судство. По четиригодишен период на мониторинг, во април 2000 година Парламентарното собрание на Советот на Европа ја донесе својата Резолуција 1213(2000) и својата Препорака 1453(2000) за затворање на мониторинг процедурата кон Република Македонија како резултат на својата оценка, државата направила значителен напредок во почитувањето на своите обврски и заложби согласно Статутот на Организацијата, а по една година потоа Парламентарното собрание ја започна посебната *процедура на пост-мониторинг дијалог* со Македонското Собрание, кој процес трае и денеска. Имено, овој дијалог иницијално фактички се сведе на дискусија за продолжителна активност од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа во светло на препораките содржани во претходно наведената резолуција и препорака од 2000 година, како и во врска со било кое друго прашање, што произлегува од обврските на нашата држава како веќе полноправна членка на Советот на Европа. Овој дијалог, како и во случајот на секоја друга држава членка предмет на таков дијалог, се базира на оцените за ситуацијата направена од страна на претседателот на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание, во соработка со членовите на Македонската национална парламентарна делегација, која ситуација се презентира во форма на Меморандум на претседателот на оваа комисија, за кој последователно се расправа на седницата на Мониторинг комисијата, а потоа во форма на Извештај со доставува на усвојување до самото Парламентарно собрание на Советот на Европа. Овие извештаи во случајот на нашата држава беа базирани на следењето на прифаќањето и имплементацијата на резолуциите, препораките и конвенциите на телата и институциите на Советот на Европа адресирани до релевантните државни органи на Република Северна Македонија, а кои се во врска со исполнувањето на обврските на државата во рамките на Советот на Европа сврзани со плуралистичката демократија, владеењето на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал, заштитата на човековите права, укажувајќи притоа посебно на конвенциите на Советот на Европа кои во известувачкиот период сѐ уште не биле потпишани или ратификувани од страна на нашата држава. Освен ова, во извештаите (меѓу другото) се наведуваат и сите релевантни тековни внатрешно политички проблеми односно настани во државата, како и сите релевантни Европски и регионални развои, а спрема некои од нив се прават оценки или препораки. Може недвосмислено да се заклучи дека, со чинот на своето полно-правно зачленување во Советот на Европа нашата држава фактички по прв пат го започна процесот на вистинска демократизација на земјата во областа на човековите права и владеење на правото, етаблирајќи ја со тоа својата централна, парламентарна и локална власт по прв пат согласно на конкретните правни стандарди на оваа Организација. Како стартна основа за овој процес фактички беа сукцесивно ратификуваните клучни конвенции на Советот на Европа од страна на нашата држава, консеквентно на што државата по прв пат започна директно да се инволвира во сите тековни работни процеси во рамките на Комитетот на министри, Парламентарното собрание и Конгресот на регионални и локални власти. Ова истовремено ги вклучи и мониторинг телата етаблирани со правните инструменти на Организацијата што нашата сукцесивно ги потпишуваше и ратификуваше, како и посебно стручните тела на Организацијата, вклучувајќи ја тука посебно Венецијанската комисија чии советодавни услуги започнаа по прв пат да бидат барани и од страна на македонските државни

власти, во кој контекст на нашата држава и беше дадена можност директно да бара која било советодавна поддршка и/или асистенција во раната фаза на изградбата на својата домашна уставна и законско-правна рамка на сите клучни сегменти на правната држава и принципот на владеење на правото на централно и локално ниво. Сето ова, истовремено фактички претставуваше дотогаш најексплицитна потврда пред Европската и пошироката меѓународна јавност за фактот дека, нашата држава конечно се најде на вистинскиот пат да ги врши своите права и одговорности согласно релевантните Европски правни стандарди и принципи во врска со владеењето на правото и правната држава, кое нешто (од друга страна) не значеше ништо друго друго освен дотогаш најсериозен катализатор за дотогаш бавниот и пред сè попречен процес на меѓународно афирмирање на нашата држава во светот на меѓународните и Европските меѓувладини организации како самостојна и независна Европска демократска држава. Истовремено, оваа позиција на државата беше зајакната со нејзиното полноправно зачленување во ОБСЕ во истиот временски период, со што дополнително беа катализирани истите горенаведени процеси на институционална и законодавна реформа во државата, се разбира, од перспектива на целите на Советот на Европа. Со ваквата позиција државата фактички ја пополни „празнината” во поглед на своето дотогаш видно „забавено“ приклучување кон Европската Унија поради тогаш сè уште нерешениот познат билатерален спор со Република Грција. Но, она што во поглед на последново претставуваше посебен мотив, беше фактот што исполнувањето на обврските на Република Македонија во контекст на своето полноправно членство во Советот на Европа и ОБСЕ беше во директна функција на исполнување на самите т.н. Копенхагенските критериуми за членство во ЕУ, особено политичкиот критериум, кој се однесува на императивот од постоење на стабилни институции што ја гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитување на малцинствата. Токму од оваа перспектива, од посебната важност се и тогашните временски последователни растечки позитивни развои во односите на нашата држава со ЕУ, кои (од своја страна) имаа видно дополнителен охрабувачки ефект врз тогашниот македонски државен во иницијалната фаза на пристапување на нашата држава кон клучните договори на Советот на Европа и посебно во контекст на процесот на иницијалното извршување на обврските кои произлегуваа од тие правни инструменти на ова Организација. Видени како процес, листата на таквите важни развои ги вклучи: инволвирањето на нашата држава во 1996 година во Програмата ФАРЕ (PHARE) ЕУ, создадена за помош на реформите во земјите од Централна и Источна Европа; потпишувањето на Спогодбата за соработка меѓу Република Македонија и Европската заедница во 1997 година, пропратено со потпишување на таква спогодба во областа на транспортот и текстилот; отворањето на канцеларијата на Европската Унија во нашата држава во 1998 година и почетокот на политичкиот дијалог меѓу ЕУ и нашата држава кога во месец март истата година се одржа првиот состанок на Советот за соработка меѓу РМ и ЕУ, кој процес резултираше во 1999 година кога ЕУ го отвори Процесот на стабилизација и асоцијација (ПСА) на земјите од Западен Балкан со ЕУ. Аналогно, ваквиот развој на настаните неслучајно го обезбеди контекстот во чии рамки во месец април 2001 година нашата држава стана и првата држава од земјите учеснички во ПСА која ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ, кој чин дотогаш претставуваше највисоко ниво на нејзина афирмација како нова Европска демократска држава.

**ЗАКЛУЧОК**

Претходно општо илустрираниот почеток на процесот на меѓународното признавање на нашата држава последователно доби нова динамика во текот на наредната 1993 година, кога на 7 април Советот за безбедност на ООН ја усвои својата позната *Резолуција 817/93,* со која тој на Генералното собрание на ООН му препорача да ја прими во членство на ОН нашата држава, која за сите потреби во Организацијата

таа треба привремено да бидеословувана со „Поранешна Југословенска Република Македонија“ до решавањето на разликите што се јавија околу името на државата. Консеквентно, врз основа на претходно наведената препорака на Советот за безбедност, Генералното собрание на ОН на 8 април 1993 година ја донесе својата *Резолуција 47/225,* со која нашата држава беше примена за 181 членка на ООН. Но, овој условен прием на нашата држава сепак последователно беше блокиран од страна на соседна Р. Грција со своето трговско ембарго спрема нашата држава, консеквентно на што на нашата држава и беше причинета огромна материјална штета, што беше пропратено со домашни жешки политички дебати во тој контекст. Листата на негативни последици за РМ од грчкото ембарго го опфати и целосното блокирање на тогашните македонски напори за приклучување односно зачленување во Советот на Европа и во тогашниот КЕБС, односно, денешно ОБСЕ. Оваа состојба на билатералните односи меѓу Грција и Македонија конечно успешно се надмина, односно значително се подобри дури на 13 септември 1995 година, кога во Њујорк двете држави ја потпишаа *Привремената билатерална спогодба за соработка (Привремена спогодба за пријателски односи и градење доверба и за заемно почитување на територијалниот интегритет и суверенитет*) во присуство на американскиот дипломат Сајрус Венс – поставен на 1 август 1993 година како специјален претставник најпрво на Генералниот секретар на ООН Бутрос Бутрос Гали, а подоцна и на Кофи Анан. Со овој договор, двете страни се согласија Грција да ја признае Македонија како независна и суверена држава и да се воспостават дипломатски односи на договорено ниво со крајна цел поставување на односи на амбасадорско ниво во најскоро време. Двете страни ја потврдија својата заедничка постоечка граница како трајна и неповредлива меѓународна граница и секоја од нив се обврза дека ќе го почитува суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независност на другата страна. Тие се согласија дека нема да поддржуваат акција на трета страна насочена против суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независност на другата страна. Тие, исто така, се согласија да се воздржат од заканата за употреба или од употреба на сила, вклучувајќи ја и заканата за употреба или употребата на сила дизајнирана за нарушување на нивната постоечка граница и се согласија дека ниту една страна нема да бара права или да поддржува барања за кој било дел од територијата на другата страна, или барања за промена на нивната постоечка граница. Освен тоа, двете страни се договорија *да ги продолжат преговорите под покровителство на Генералниот секретар на ООН*, со цел да се постигне договор по прашањето околу разликите по името на Македонија*.* Она што во тој момент изгледаше сепак од посебна стратегиска важност за РМ беше фактот дека, со оваа Спогодба Р. Грција се согласи да не приговара на кое било барање на Македонија за зачленување во меѓународните организации сé додека таа го користи името *„Поранешна Југословенска Република Македонија“.* Со други зборови, секое барање на РМ за зачленување во некоја меѓународна меѓувладина организација (како што се НАТО, Европска Унија, тогашен КЕБС и Советот на Европа) можеше да биде направено со тогашното уставно име на нашата држава, но Грција го задржа правото на блокада на приемот ако приемот на РМ не биде направено под нејзината времената референца „ПЈРМ“. Она, што е од посебно значење од перспектива на главната цел на докторатот е фактот дека, оваа Привремена спогодба сепак видно придонесе за нормализирање на билатералните односи меѓу двете земји, што беше пропратено со одмрзнување на процесот на зачленување на нашата држава во преостанатите релевантни меѓународни меѓувладини организации под нејзината привремена референца „ПЈРМ“. Така, во месец октомври 1995 година нашата држава успеа, под нејзината привремена референца „ПЈРМ“ да стане нова членка во Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ), а на 9-ти ноември 1995 година нашата држава (исто така под нејзината привремена референца „ПЈРМ“) стана полноправна членка и на Советот на Европа – предмет на докторатот. Важноста на овој развој се состои во фактот што, доколку не беше постигната претходно наведената привремена спогодба со Република Грција од 13-ти септември 1995 година, нашата држава со сигурност ќе останеше целосно изолирана од процесите на европска интеграција во

рамките на одделните европски меѓународни организации, вклучувајќи го тука посебно Советот на Европа, во текот на целиот временски период се до 17-ти јуни 2018 година кога тогашниот македонски државен врв со тогашните претставници на грчката држава го потпишаа т.н. Преспански договор, со кој конечно беше решен повеќедецениските спор меѓу двете страни.

Своето претходно илустрирано место и улога во процесот на меѓународното афирмирање на Република Северна Македонија како Европска демократска држава полноправното членство на нашата држава во Советот на Европа го има посебно токму денеска, во момент кога најнеодамнешните релевантни надворешно политички развои поврзани со евроатлантската агенда и аспирации на државата, вклучувајќи ги тука склучувањето на Преспанскиот договор во 2018 година и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Република Бугарија од 01-ви август 2017 година (заедно со Протоколот кон овој договор) сепак видно не доведоа до некакво санирање и/или освежување на принципот на владеење на правото во државата, ниту до зголемување на веќе одамна ниската доверба на граѓаните во веќе одамна фрагилните институции на државата, со што повторно се реафирмира тезата за директната причинско-последична врска меѓу надворешно-политичките чекори на државата (од една страна) и внатрешно политичката ситуација во државата (од друга страна).

**Библиографија**

Габер, В. (2002) За македонската дипломатија, Скопје, Магор.

*Council of Europe Law: Towards a Pan-European Legal Area, 2005.*

Harremoes, E., “Le Conseil de l’Europe et les conventions européennes”, in Consejo de Estudios Internacionales Avanzados, Cooperación Académica internacional, Desarrollo progresivo del Derecho internacional. Aportaciones de organizaciones, tribunales y parlamentos internacionales, Buenos Aires.

Ivanov Gjorge, The model of Democracy in the Text of Framework Agreement of August 13, 2001, Macedonian Affairs.

Juncker, Jean-Claude, Council of Europe — European Union: ‘A sole ambition for the European continent'. [ON-LINE]. [Luxembourg]: Le Gouvernement du Grand-Duché de Luxembourg.

J Polakiewicz ‘The Council of Europe and the Rule of Law’ in W Schroeder (ed) *Strengthening the Rule of Law in Europe* (Hart Publishing 2016).

МАНУ, Реформата на институциите и нејзиното значење за развојот на Република Македонија“, Скопје, 2009 година.

Sabrina Ramet, Central and Southeast European Politics since 1989, Macedonia since 1989 by Zachary T. Irwin ( 311-328), Cambridge.

Стево Пендаровски, Македонската надворешна политика (1991-2011), Магор, 2012.

Теговски, Ј (2006), Реформските предизвици на РМ на патот на нејзината интеграција во ЕУ.

Резолуцијата на Комитетот на министри (94) 2, од 14-ти јуни 1994;

Европската Конвенција за спречување на тортура и нечовечки и понижувачки третман или казнување;

Консолидираното мислење на Венецијанската комисија во поглед на нацрт - Законот за референдум и граѓанска иницијатива на „ПЈРМ”.

**Интернет веб страници:**

www.coe.int/assembly;
https://pace.coe.int/en/files/16789/html;
https://assembly.coe.int.